**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став 1 точка 4 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16) и член 103 став 1 точка 1 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15 и 153/15), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

# ОДЛУКА
## за дополнување на Одлуката за Сметковниот (Контниот) план за банките

**„Службен весник на Република Македонија„ бр.141/16**

1. Во прилогот 1 на Одлуката за Сметковниот (Контниот) план за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 81/11, 152/11 и 110/13), по сметката 3111 се додаваат сметките:

„3112 Тековни сметки во странска валута кај НБРМ
3113 Преодна сметка во странска валута кај НБРМ".

2. По сметката 31170 се додава сметката:

„31171 Ограничени тековни сметки во странска валута кај НБРМ".

3. По сметката 705103 се додава сметката:

„705104 Тековни сметки на домашните банки во странска валута во МИПС ЕУР системот ".

4. По сметката 9902 се додаваат сметките:

„99020 Хартии од вредност
99021 Парични средства, други платежни инструменти и депозити
99022 Други финансиски средства
99023 Нефинансиски средства".

5. По сметката 9912 се додаваат сметките:

„99120 Хартии од вредност
99121 Парични средства, други платежни инструменти и депозити
99122 Други финансиски средства
99123 Нефинансиски средства".

6. По сметката 9952 се додаваат сметките:

„99520 Хартии од вредност
99521 Парични средства, други платежни инструменти и депозити

99522  Други финансиски средства
99523  Нефинансиски средства".

7. По сметката 9962 се додаваат сметките:

„99620  Хартии од вредност
99621  Парични средства, други платежни инструменти и депозити
99622  Други финансиски средства
99623  Нефинансиски средства".

8. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**О бр. 02-15/VIII-2/2016**
**28 јули 2016 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка на**
**Република Македонија**
**Димитар Богов**